„Возвишениот Аллах, на Судниот ден ќе му каже на оној со најлесна казна од жителите на Огнот: ‚Доколку би го поседувал сето она што е на Земјата, дали би го дал за да се откупиш од оваа казна?‘ Тој ќе одговори: ‚Да.‘

Од Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Возвишениот Аллах, на Судниот ден ќе му каже на оној со најлесна казна од жителите на Огнот: ‚Доколку би го поседувал сето она што е на Земјата, дали би го дал за да се откупиш од оваа казна?‘ Тој ќе одговори: ‚Да.‘ Тогаш Аллах ќе му рече: ‚Барав од тебе нешто многу полесно додека беше во рбетот на Адем: да не Ми припишуваш никакви здруженици. Но, ти одби и Ми припишуваше здруженици.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известил дека Возвишениот Аллах ќе му рече на оној со најлесна казна во Огнот, откако ќе влезе во него: „Доколку би го поседувал целиот свет и сè што е на него, дали би го дал во замена да се откупиш од оваа казна?“ Тој ќе одговори: „Да.“ Аллах тогаш ќе му рече: „Ти побарав и ти наредив нешто многу полесно од тоа кога го зедов заветот од тебе додека беше во рбетот на Адем: да не Ми припишуваш никакви здруженици. Но, ти одби, и откако те создадов и те испратив на Земјата, Ми припишуваше здруженици.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/8315